МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

МЦМС е-Билтен

Април 2011

БРОЈ 116

Прекуграничен форум на граѓанското општество


Со одржувањето на почетниот состанок на партнерите, на 20 април 2011 година, започна реализацијата на проектот „Прекуграничен форум на граѓанското општество".



Проектот опфаќа активности за размена на искуства, комуникација, координација и соработка меѓу граѓанските организации од пограничните региони на Македонија и Албанија.

Во следните 12 месеци ќе бидат организирани осум тематски состаноци, една обука и една работилница за вмрежување и партнерство, како и НВО Саем.

Активностите ќе се спроведуваат во полошкиот и југозападниот регион на Македонија и во регионите на Дибра и Елбасан во Албанија.



Спроведувањето на проектот е во партнерство со Институтот за демократија и медијација (ИДМ) од Албанија и Еколошко друштво „Дешат" од Дебар.

Проектот е финансиран од Европската комисија, во рамките на втората компонента на Инструментот за претпристапна помош (ИПА), поточно на првиот повик за прекугранична соработка меѓу Македонија и Албанија.

Буџетот на проектот изнесува 102.625 евра за двете земји (58.047 за Македонија), во кои ЕК учествува со 85 %.

Каква е општествената одговорност на граѓаните

МЦМС го спроведе истражувањето за општествената одговорност на граѓаните. Истражувањето беше поделено во повеќе целини и секоја од нив донесе интересни информации кои можат да послужат во понатамошните планирања не само во граѓанскиот сектор туку и пошироко.



Истражувањето покажа дека државата за 50,5 % од испитаниците е најодговорна за решавањето на општествените потреби што говори за етатистичката култура, како остаток на државниот социјализам. Постои висока согласност (72 %) за тоа дека новиот развој, вработување и оспособување на граѓаните се решение за проблемите, а 55,9 % од граѓаните сметаат дека луѓето треба да преземат повеќе одговорност за грижата за самите себе.

Мал е бројот на граѓани кои се ангажираат во верските заедници, синдикатите, политичките партии и граѓанските организации. Политичките партии се најпривлечни за граѓаните, односно 37,5 % од нив се членови во овој тип на здружување. Вклученоста на граѓаните во граѓанските организации е мала (24,6 % се членови) и нема битно поместување во однос на претходните години. Политичките партии мобилизираат повеќе граѓани, а имаат помалку доверба (23,3 %) во споредба со другите форми на здружување. Третина од граѓаните кои доброволно работат во граѓански организации тоа го прават заради социјализација. Придонесот кон заедницата и вербата во мисиите на организациите за кои доброволно работат се исто така битен мотив за граѓаните.

Истражувањето покажа дека се зацврстува умерениот јавен дух кај граѓаните на Македонија. Големо мнозинство граѓани (помеѓу 87 % и 97,2 %) му даваат поддршка на владеењето на правото. Може да се забележи голем јаз меѓу перцепцијата за себе и за сограѓаните кој се движи меѓу 59,4 процентни поени, на прашањето за фрлање ѓубре на места кои не се определени за тоа до 36,4 за прашањето за плаќање на комуналните услуги. Од социо-демографските карактеристики, образованието и месечните примања влијаат на јавниот дух.

Графикон I 2. Општествените потреби може да се решат со:



Граѓаните имаат висока согласност (92,4 %) и за одговорноста за зачувување на животната средина. Највисока (89,5 %) и најхомогена поддршка граѓаните даваат на строгите/високите казни за фрлање ѓубре на места кои не се определени за тоа/диви депонии. Големо мнозинство се согласува и со задолжителното селектирање на ѓубрето од домаќинствата заради рециклирање (84,3 %).

Семејството и пријателите се најчестиот избор за дружење на граѓаните. Тие најмногу време поминуваат со пријателите (50,4 %) и со потесното или поширокото семејство (49,4 %). Етничката и верската определба влијае на одвоеното време за пријателите, колегите и посетите на верските храмови. Мажите почесто се дружат со колегите и посетуваат верски храмови. Родовите разлики не се чест случај во истражувањата за општествената одговорност на граѓаните, но во овој случај тие се движат помеѓу 10,9 процентни поени кај дружењето со колегите и 8,1 процентен поен кај посетата на верски храмови.

Што се однесува до политичките непартиски активности, истражувањето покажа дека тие опаднале во однос на 2009 г. Земјоделците се најактивни во политичките непартиски активности. Дури 51,9 % од нив учествувале на протести во последните пет години, тие најчесто го применуваат и бојкотот (22,2 %) и блокирањето патишта и објекти (18,5 %).

Истражувањето покажа дека има пад и кај добротворството. Опаднал бројот на оние кои дарувале во последните 12 месеци од 70,9 % во 2009 г. на 65,2 % во 2010 г.

На дарувањето влијае образованието, перцепцијата на граѓаните за тоа на која класа и припаѓаат и месечните примања во домаќинството. Мотивот за дарување најчесто е солидарноста. Влијанието на образованието и на класите може да се забележи и овде. Приоритет за дарување е здравјето и здравството. Освен што во претходните 12 месеци најмногу дарувале за здравје и помош на болни (20,6 %), најголем број од испитаниците здравјето и здравството го навеле и како приоритетно поле за дарување (17,5 %). Оваа година има јасна разлика меѓу општината (23,1 %) и месната заедница (17,5 %) како приоритетни нивоа на дарување.

Анкетата беше спроведена во декември 2010 г. на репрезентативен примерок од 1.050 испитаници од страна на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања (ИСПИ), чија одговорност беше и методолошката исправност на анкетата.

Како до фондови

Во текот на април, МЦМС спроведе три дводневни обуки за мобилизација на фондови. Обуките беа спроведени за претставници на општините од Пелагонискиот регион и за вработените на Агенцијата за остварување на правата на заедниците (АОПЗ).

На обуката „Изнаоѓање фондови" спроведена за Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион (ЦРППР) учесниците се запознаа со различните извори и начини на генерирање приходи, со Инструментот за претпристапна помош (ИПА) и со Програмите на Заедницата. Обуката ја спроведоа Даниела Стојанова и Тања Хафнер-Адеми.

Обука "Донаторски процедури" за прв пат беше испорачана во Македонија, а се однесуваше на процедурите за подготовка, аплицирање и спроведување на проекти финансирани од Европската Унија. Обука ја спроведоа Фатмир Битиќи и Даниела Стојанова.



На дводневната обука за генерирање приходи вработените на АОПЗ беа запознаени со различните извори и начини на генерирање приходи, со планирањето и компонентите од ИПА и со релевантните Програми на Заедницата, а преку практична работа беа развиени и неколку конкретни предлози за активности на Агенцијата. Обуката ја спроведоа Даниела Стојанова и Димче Митрески.

Учесниците за најкорисна ја оценија обуката за донаторските процедури и сметаат дека освен обуки за подготовка на проекти, треба почесто да се организираат и обуки за нивно спроведување: „Несомнено корисна обука, која овозможува компетентно укажување за изворите на информации и квалитетен пренос на значење, што самостојно тешко можеме да го усвоиме" изјави еден од учесниците.

Профилот на мојот пратеник

МЦМС, Институтот за демократија (ИДСЦС) и Македонскиот институт за медиуми (МИМ), започнуваат низа на заеднички активности за Изборите 2011, кои вклучуваат набљудување на изборни програми и кампањи, на медиуми, на изборна администрација и на денот на гласање.

Една од првите активности беше истражувањето на јавното мислење за тоа каков треба да биде пратеникот за кој граѓаните би го дале својот глас. На трибината, одржана на 27 април 2011 г. воо х. Турист беа презентирани и дебатирани резултатите од тоа истражување.

Анкетата покажа дека на граѓаните им е најважно пратеникот да биде чесен (71,6 %). Следни по важност вредности за граѓаните се одговорноста (30,6 %) и трудољубивоста 30,1 %). Вредности на кои граѓаните најмалку обрнуваат внимание кога се во прашање пратениците се заштитата на природата (1,9 %) и религиозноста (2,4 %).

Што се однесува до професија од која би сакале да дојде пратеникот, најголем број од граѓаните се изјасниле за пратеници кои имале самостојна професионална дејност (60,2 %), потоа лекари (33 %) и професори/наставници (30,1 %). Најмалку посакувана професија на пратеникот за граѓаните е спортист (2,9 %) и лице од шоу бизнисот (3,4 %).
Секој четврти граѓанин би гласал за кандидати од друга етничка заедница, а мнозинство (61,7 %) не би го направиле тоа. На граѓаните им е важно на пратеничките листи да има жени (51,8%) и млади луѓе до 27 годишна возраст (30,3%).

Секој четврти граѓанин нема да обрнува внимание на кандидатската листа и програмата и ќе гласа за партијата чиј симпатизер е, а мнозинство од граѓаните (74,6 %) ќе гласаат за било која партија врз основа на квалитетот на кандидатите и изборната програма.



На тибината се разви добра дебата за прашањата од анкетата

Мнозинство од испитаниците (57,6 %) кажале дека би сакале да знаат кој од кандидатите на пратеничката листа се планирани за други владини (извршни) функции, а не за Парламентот. Речиси ист процент (57,4 %) не би сакале градоначалниците да бидат на пратеничките листи доколку не планираат по изборите да се ангажираат во Парламентот.

Истражувањето беше направено преку телефонска анкета од страна на Институтот за демократија на 26 април 2011 г. на репрезентативен примерок од 413 испитаници со +/- 5% грешка.

Се подготвува нов Акциски план на РИЦ

Вработените од Ромските информативни центри (РИЦ) од 19 до 21 април 2011 година, во хотелот Холидеј ин, во Скопје учествуваа на работилница за подготовка на нацрт Акциски план за Ромските информативни центри (РИЦ) за 2011-2013.



Од работилницата за подготовка на Акциски план 2011-2013

Целта на работилницата беше оценка на стариот (2009-2011) и подготовка на нов Акциски план за 2011-2013.

Учесниците работеа на неколку прашања: информирање и известување, институционален развој и градење капацитети за учество и користење на програми кои се финансираат на локално и национално ниво и застапување на потребите на Ромите.

На обуката беа идентификувани јаките и слабите страни, како и причините за слабите страни на Акциският план на РИЦ-и за периодот 2009-2011. Потоа беа разработени чекорите на планирање проекти ориентирано кон цели (ЦОПП), беше направен дијаграм на проблеми и дијаграм на цели како основа за одредување на логиката на интервенција. Учесниците направија и детални рамки за акциско планирање и секоја од трите групи го презентираше сработеното по што се дискутираше за предизвиците на РИЦ-и во иднина: обезбедување пристап до квалитетни информации, унификација на начинот на пренесување на информациите, создавање на услови за поредовна посета на терен на припадниците на ромската заедница и придружување и асистирање при остварување соработка со локалните институции и др.

РИЦ-и се институционални единки кои придонесуваат за остварувањето на Стратегијата за Ромите и Декадата на Ромите преку воспоставување врски помеѓу граѓаните и институциите на локално и на национално ниво и работат во градовите Скопје, Тетово, Гостивар, Битола, Прилеп, Штип, Кочани, Куманово и Делчево. Вработените во РИЦ-и се дел од Министерството за труд и социјална политика.

Обуката ја организираше ОБСЕ, а ја спроведе МЦМС. Обучувачи беа Валентина Чичева од МЦМС и Самет Скендери од ИнСоК.

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
ул. Никола Парапунов бб, 1000 Скопје
тел: +389 2 3065381 | факс: +389 2 3065298 | www.mcms.org.mk | mcms@mcms.org.mk